Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-154/1
18-01-2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

## НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА В2.6 БАЊА И ЛЕЧИЛИШТЕ СО ПРЕСТОЈ И НЕГА, НА КП 87/1, 87/2, 88 , 89 и дел од КП 86/7, КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-2867 од 11.2022, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА В2.6 БАЊА И ЛЕЧИЛИШТЕ СО ПРЕСТОЈ И НЕГА, НА КП 87/1, 87/2, 88 , 89 и дел од КП 86/7, КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **01/22-У** од 11.2023 год. изработен од Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, поднесе барање за одобрување на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА В2.6 БАЊА И ЛЕЧИЛИШТЕ СО ПРЕСТОЈ И НЕГА, НА КП 87/1, 87/2, 88 , 89 и дел од КП 86/7, КО КАТЛАНОВО, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **01/22-У** од 11.2023.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Услови за планирање на просторот и решение за истите

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Урбанистички проект (pdf.dwg)

8. Ревизија на Урбанистички проект

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план со тех.бр. 01/22-У може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-46/2 од 05.01.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ПЕТРОВЕЦ ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ